9906

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
10. VI. 1969

Изложби

# Скулптурите на Драган Поповски — Дада

Последната самостојна изложба на скулптури, или објекти, на Драган Поповски — Дада во Уметничката галерија ѝ ја предлага на публиката последната фаза во творештвото на уметникот.

Патот по кој досега се движеше Поповски ми се чини дека е составен од постојана алтернација на неколку настојувања, меѓу кои две се посебно забележливи. Едното е потребата или желбата на уметникот, да се остане во скулптурата во доменот на такви форми што можат да се „докажат" како произлезени од светот на „фигуративното". Без оглед на степенот на нивната „преработка", „деформација", „транспонирање", во редица негови творби, најчесто и тематски прецизно означени (серијата „Самоилови војници", „космонаути" и сл), се подразбираа алузии на форми што во секојдневната феноменологија на нештата му припаѓаат на некој прецизен предмет или фигура. Во второто настојување уметникот проследува напор за создавање творевини што не се лишени од извесна асоцијативно потенција, но во кои таа произлегува од две други основни премиси: делото станува или некаква испреплетеност на детали извлечени од морфологијата на предмети, присутни колку во нашиот „домашен", посебно рурален амбиент, толку и во општата ризница на форми создадени како обработка на суровата, аморфна материја од страна на човекот за некои утилитарни цели; или како и во предходната група свои дела (кога станува збор за непосредната пластична постапка), со стилизација, дотерување, аранжирање на елементи, дојдени како инспирација од природата. Токму оваа „струја" во творештвото на Поповски, во една своја последна варијанта, е прикажана на сегашната негова самостојна изложба.

Изложените пластични скулптури на уметникот тргнуваат од некоја почетна мотивска инспирација (на пример низа — тутунови лисја). Како што напомнав, тие стануваат објект на една скулпторска, поточно „резбарска" трансформација. Тоа понекогаш значи ригорозно анализирање на формите, педантерија во нивното „стилизирање", навлегување на декоративниот аранжман на одделните детали, некакво „шаблонизирање" на примарната аморфна, органска или неорганска форма. Обработката на формите, во речиси сите изложени дела, инсистира на поедноставување, раководено од комбинација на геометриски, конструктивистички и кубистички постапки, со кои се структурираат „неаграсивни", пластично „здржани" објекти. Бидејќи станува збор за уметник со професионален усет, знаење и искуство, овие експонати остануваат во доменот на „естетското", задржуваат извесна визуелна допадливост. „Утилитарниот" момент на овие пластични објекти може да се согледа во нивната нагласена декоративна дотераност, во нивната адаптираност да се применат како дел од оној човечки простор што не е сведен на обичната материјална, физиолошка функционалност. Овие дела на Поповски содржат и елементи на извесна сентиментална идеализација на некои внатрешни, емотивни состојби на уметникот, особено кога се поврзани со инспирации од нешта што му се блиски како на човечка личност. Тие не инсистираат на некоја поангажирана идејно-естетска порака, ниту се застапуваат за изнаоѓање на некој личен момент во актуелните тенденции на пластичната уметност; повеќе настојуваат да останат посредно поврзани со некои веќе рутински постапки. Напати Поповски се обидува да донесе и едно поинтимно, подиректно општење со материјалот (дрво), дозволувајќи ѝ на својата скулпторска форма да запази нешто од здивот на природните нешта и од „тактилното присуство" на својата личност. Најчесто, пластичните објекти на Поповски се, во условна смисла разбрано, „обоени", со настојување да се користат пигменти најсообразени со природната фактура на материјалот од кој се изработени.

**Борис Петковски**